1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„Службен лист на СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словеначки, македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 17 септември 1976
БЕЛГРАД
БРОЈ 41 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динари. — Редакција Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155 Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732 Комерцијален сектор 651 6711 Телекс 11756

**614.**

Врз основа на член 198 став 3 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/74), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАБРАНЕТИ ЗОНИ

1. Се определуваат следните места за забранети зони за движење, престој и населување на странски државјани, и тоа:

1) во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина:

— подрачјето на Горни Бирч и на планината Јавор, што ги опфаќа патиштата што ги поврзуваат Власеница, село Ѓиле, село Брложник и Хан Пиесак;

— подрачјето на планината Мањача што ги опфаќа Бронзани Мајдан, село Бистрица, десниот раб на патот Бања Лука — Јајце и селата Шеховци, Стражице и Камичак;

— подрачјето на планината Клековача што го опфаќа преслапот Оштрељ, Срнетица, Потоци, Тисов Врх, исклучувајќи го селото Грлиевица;

— подрачјето на планината Камешница што го опфаќа преслапот Ваган, Обровац, село Граб, Долна Тијарица, Каменско, исклучувајќи го Бушко Блато;

2) во Социјалистичка Република Македонија:

— подрачјето на планината Скопска Црна Гора што ги опфаќа селата Гошњица и Велика Бреза, Баношница (до тригонометриската точка 1524) и селата Кучевиште, Раштак, Мојанце и Никуштак;

— подрачјето на планината Серта што ги опфаќа селата Хаџихамзали и Чешендере, Рајнички Рид (до тригонометриската точка 391), селото Мушанци, левиот брег на реката Вардар, Пепелишката Река и селото Хаџирецепи, тригонометриската точка 710 и Јерам (до тригонометриската точка 573);

— подрачјето на планината Стогово што ги опфаќа селата Морче и Попрадник, десниот брег на реката Црни Дрим, селата Глобочица, Присовјани и Збожди, Бустиља, тригонометриската точка 2076, котата 2089, Ценорица, тригонометриската точка 2018, исклучувајќи го селото Милиничани;

3) во Социјалистичка Република Словенија:

— подрачјето на планината Кочевски Рог што ги опфаќа селата Граденц и Брезовица, Немшка Лока, Кнежја Липа и Стена Свете Ане (до котата 968);

— подрачјето на планината Крим што ги опфаќа Иг и селата Пресерје, Жупено и Осолник;

— подрачјето што ги опфаќа Загозд, Равник и Боштањ, исклучувајќи го Радече;

— подрачјето на планината Пивка до Машун и селата Загорје, Селце, Жеје, Стара Вас и до Планинскиот дом на Јаворник;

4) во Социјалистичка Република Србија:

— подрачјето на Хомолје што ги опфаќа Хомолските Планини, Бељаница, Велики Крш и Мали Крш;

— подрачјето на планината Цер до селата Липолист, Лешница и Текериш;

— подрачјето на планината Тупижница што ги опфаќа селата Врбовац, Бучје, Кожељ и Бела Река;

— подрачјето на јужните падини на Јастребац што ги опфаќа Поглед (до котата 1482) и селата Горна Јошаница, Мала Плана и Нова Божурна, исклучувајќи ги Гребац и Прокупле;

— подрачјето што ги опфаќа селата Стапари и Заглавак и Калуѓерске Баре, со тоа што е дозволено движењето по патот Титово Ужице — Мокра Гора — Вишеград, но без задржување освен во населени места;

— подрачјето на планината Гилјева што ги опфаќа селата Долиќе, Триебине, Крајиновиќи и Баре;

— подрачјето на Стари Колашин што ги опфаќа селата Мелаје, Баре, Лучка Река, Годово, Долово и Шароње, исклучувајќи го селото Рибариќи, со тоа што е дозволено движење по патот Нови Пазар — село Рибариќи, но без задржување освен во населени места;

5) во Социјалистичка Република Хрватска:

— подрачјето на планините Велика Капела и Мала Капела, што ги опфаќа селото Оток, Јасенак, Дебели Врх, Зарин, Заполје и селата Блата, Мишленовиќи и Јосипдол;

— подрачјето на планината Пљешевица што ги опфаќа селата Изачиќ, Личко Петрово Село и Приебој, Јаворник (до тригонометриската кота 1552) и селото Круге;

— подрачјето што ги опфаќа селото Висуќ, Кук, селата Ораовац и Брезовац (до котата 1058), Јелови Тавани, Сучевиќ Поле, Урљај и Кремен, со тоа што се дозволува минување но без задржување;

— подрачјето на западните падини на Папук што ги опфаќа селата Кузма, Кореничани, Барица и Сажае;

— подрачјето кај Слуњ што го опфаќа Мрзло Поле, селото Тоболиќ, Хум, Брдаров Врх (до котата 606) и селото Мочила;

6) во Социјалистичка Република Црна Гора:

— подрачјето на селото Озриниќи што ги опфаќа Гвозденица и Падеж, исклучувајќи го селото Бршно;

— подрачјето што ги опфаќа селата Радовче, Копилје и Гостилје, со тоа што е дозволено минување но без задржување;

— подрачјето на Мавријан кај Улцињ;

— подрачјето што ги опфаќа селата Јасеново Поле и Прага (северно од Никшиќ).

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 674
28 јули 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

**615.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЛИМОНСКА И ВИНСКА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на лимонска и винска киселина, во 1976 година царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/2 | Ротациони пумпи<br>Ех.<br>Ротациони пумпи за транспорт на суспензија на гипс во раствор на лимонска и сулфурна киселина и на гипс во раствор на винска и сулфурна киселина, отпорни на киселини и абразивни материи |
| 84.10/3 | Центрифугални пумпи<br>Ех.<br>Центрифугални пумпи за транспорт на лимонска и винска киселина, на натриум цитрат, на суспензија на гипс во раствор на винска и сулфурна киселина, отпорни на киселини, абразивни материи и температура |
| 84.17/1е | Автоматски машини за дестилација и евапоризација<br>Ех.<br>— Тристепени вакуум-уреди за дестилација на отпадни материи на винска и лимонска киселина, индустриски<br>— Полуиндустриски уреди за сушење анхидриди и мицелиум на лимонска киселина |
| 84.18/2а-1 | Индустриски центрифуги за течности<br>Ех.<br>— Центрифуги за одвојување кристали на лимонска и винска киселина од кристална суспензија, филтрациони со полжавест конвеер<br>— Центрифуги со чиничиња за континуирано центрифугирање на мицелиум од предферментирана тиња на лимонска киселина (сепаратори)<br>— Полжавести центрифуги за одвојување на мицелиум на лимонска киселина и квасец, во преработката на вински талог (декантери) |
| 84.18/2б | Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ех.<br>— Уреди за одвојување кристали на гипс од суспензија<br>— Уреди за одвојување кристали на калциум цитрат од суспензионен раствор<br>— Уреди за одвојување на гипс од суспензионен раствор |
| 84.59/2к | Други машини и механички уреди<br>Ех.<br>Мелници за мелење анхидриди на лимонска киселина |
| 90.23/2 | Други инструменти<br>Ех.<br>Хигрометри за мерење влага во кристали на лимонска и винска киселина |
| 90.24 | Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протекот, длабочината, притисокот и др.<br>Ех.<br>Ротометри со и без регистрација, отпорни на киселини, абразивни материи и температура, за мерење на протокот на раствор на лимонска и винска киселина од суспензија на гипс во раствор на лимонска киселина во смеса со сулфурна киселина |
| 90.26/2б | Други справи за мерење на потрошувачката или производството на течности<br>Ех.<br>Бројачи отпорни на киселини, абразивни материи и температура, за мерење на количеството на раствори на лимонска и винска киселина |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола<br>Ех.<br>— Електрични апарати за автоматска регулација на температурата и влажноста во процесот на ферментацијата на лимонска киселина<br>— pH-метри со регистратори за автоматска регулација на степенот на киселоста на раствор на лимонска киселина |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 672
9 септември 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Кулафиќ, с. р.**

## 616.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КОМПЛЕКСНО МИНЕРАЛНО ЃУБРЕ ВРЗ БАЗА НА ТРЕСЕТ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет, во 1976 година царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%;

| Тарифен број | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.11/4 | Вентилатори<br>Ex.<br>Вентилатори за исфрлување додатни компоненти од бункери на ваги за дозирање, изработени од специјално отпорен материјал |
| 84.19/8 | Машини за дозирање и пакување<br>Ex.<br>Машини за дозирање и пакување на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет во вентил-вреќи со истовремено пресување |
| 84.20/1 | Ваги и апарати за мерење и контрола во производството<br>Ex<br>— Автоматски ваги за дозирање суровини (тресет и други компоненти) за производство на минерални ѓубриња<br>— Ваги за контрола на тежината на пакувањето на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет и автоматско блокирање на натамошната работа на уредот за пакување |
| 84.22/5а | Транспортери со гумена или челична лента врз база на движење на лентата, со сопствен погон<br>Ex.<br>Транспортери со гумена лента на сопствен погон, специјално конструирани и наменети за движење по тресетиштето, за собирање и транспорт на тресет |
| 84.23/12 | Други машини стабилни или подвижни за ископување, нивелирање, набивање, длабочење, дупчење и сл.<br>Ex.<br>Специјални подвижни машини за надолжно (линиско) режење и исфрлување на тресет, од ударен тип, исклучиво наменети за движење надвор од патишта по мек терен (тресетиште), со капацитет од 150 $m^3/h$ |
| 84.59/2к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Уреди за ситнење и просевање на тресет со доводен и одводен процесен транспортер, со должина 11 метри<br>— Уреди за мелење на додатни компоненти и за мешање со тресет во производството на комплексно минерално ѓубре од тресетен тип, со одводен процесен транспортер до вагата и до уредот за пакување |
| 84.61/1 | Автоматски славини, вентили и сл.<br>Ex.<br>Автоматски регулациони вентили во процесот на производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет |
| 85.19/5 | Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.)<br>Ex.<br>— Командни разводни уреди за управување со уредите во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет<br>— Командни табли за управување со процесот на одмерување, мешање и додавање на компоненти во производството на комплексно минерално ѓубре врз база на тресет |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 673
9 септември 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

## 617.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОЛИСТИРОЛ

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за производство на полистирол („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73 и 61/75) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) во тар. број 84.10/2 по наименувањето под Ex. се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

— Пумпи за полимер, ротациони запчести, за пренос на вискозен полимер во процесот на полимеризацијата на стирол, специјална изработка, отпорни на агресивни материи

— Ротациони (турбо) пумпи, за пренос на корозивни материи во процесот на полимеризација на стирол

— Запчести ротациони пумпи за рециркулација на полимер во процесот на полимеризација на стирол";

2) во тар. број 84.10/3 по наименувањето под Ех. се додава нова алинеја, која гласи:

„Центрифугални пумпи за рециркулација Dow therma (тип „Caned") во системот за загревање и ладење на масата во процесот на полимеризација на стирол";

3) по тар. број 84.10/4 се додаваат два нови тарифни броја, кои гласат:

„84.10/5 Клипни пумпи
Ех.
Пумпи за континуирано дозирање на течни додатоци во процесот на полимеризација на стирол

84.11/16 Вакуум пумпи
Ех.
Вакуум пумпи за отстранување на испарливи компоненти од полимеризирана маса на стирол";

4) во тар. број 84.59/2к по алинејата осма се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„— Уреди за подготвување раствор на полимер (за растворување гума во стирол)
— Уреди за мешање (статички мешачи) полимеризати со турбуленција, на високо и ниско вискозни компоненти
— Уреди за подготвување мостри во процесот на производството на стирол (инјекциони брзгалки, автоматски)
— Уреди вакуумски за отстранување испарливи компоненти од полимеризирана маса на стирол".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува на увозот што се врши во 1976 година.

Е. п. бр. 675
9 септември 1976 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

## 618.

Врз основа на чл. 26 и 62 точка 10 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72 и 36/75) и член 26 став 5 и член 47 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ НА ВТАСАНОСТА НА БЛАГАЈНИЧКИТЕ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Роковите на втасаноста на благајничките записи на Народната банка на Југославија издадени според Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76) и Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/76), што не втасале за наплата до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, се продолжуваат од 3 месеци на 12 месеци, сметајќи од денот на запишувањето.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 68
6 септември 1976 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите,
вицегувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Јошко Штрукељ**, с. р.

## 619.

Врз основа на чл. 26 и 62 точка 10 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72 и 36/75), член 24, член 25, став 3 и чл. 26 и 47 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71), во врска со точка 3 од Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 26/76, 31/76, 35/76 и 39/76), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/76) во точка 1 бројот: „2.000,000.000" се заменува со бројот: „4.320,000.000".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 69
6 септември 1976 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите,
вицегувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Јошко Штрукељ**, с. р.

## 620.

Врз основа на член 11, во врска со чл. 8 и 20 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76) и член 19 точка 5, во врска со член 28 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76), Управниот одбор на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини донесува

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ГОДИШНАТА И МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА НА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ ЗА 1976 ГОДИНА

1. Се утврдуваат следните износи на годишната и месечната аконтација на постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените ре-

публики и автономни покраини, што во корист на тој фонд ќе ги уплатуваат основните организации на здружен труд, односно републиките и автономните покраини:

— во динари —

| | годишна аконтација на постојаните средства на Фондот | месечна аконтација на постојаните средства на Фондот |
|---|---|---|
| — СР Босна и Херцеговина | 1.280,400.000 | 106,700.000 |
| — СР Црна Гора | 176,000.000 | 14,667.000 |
| — СР Хрватска | 2.579,800.000 | 214,983.000 |
| — СР Македонија | 555,200.000 | 46,267.000 |
| — СР Словенија | 1.638,200 000 | 136,517.000 |
| — СР Србија (без покраините) | 2.244,300.000 | 187,025.000 |
| — САП Косово | 213,400.000 | 17,783.000 |
| — САП Војводина | 1.010,300.000 | |
| — во првото полугодиште | | 67,353.000 |
| — во второто полугодиште | | 101,030.000 |
| ВКУПНО: | 9.697,600.000 | |
| — во првото полугодиште | | 791,295.000 |
| — во второто полугодиште | | 824,972.000 |

2. Ако од месечните аконтации и од годишната уплата на постојаните средства на Фондот на територијата на републиката, односно автономната покраина, не се оствари износот на аконтацијата на заемот во височината утврдена со оваа одлука, разликата помеѓу уплатениот износ на аконтацијата од страна на основните организации на здружен труд и височината на аконтацијата утврдена со оваа одлука ќе ја уплатат републиките, односно автономните покраини во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот во кој основните организации на здружен труд биле должни да ја извршат обврската спрема Фондот во смисла на чл. 8 и 11 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1976 до 1980 година.

3. Разликите помеѓу месечните аконтации уплатени врз основа на Одлуката за утврдување на височината на годишната и месечната аконтација на заемот за 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76) и месечните аконтации утврдени со оваа одлука, што настанале до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, основните организации на здружен труд, односно републиките и автономните покраини се должни да ги намират најдоцна до 31 декември 1976 година.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на височината на годишната и месечната аконтација на заемот за 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76).

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02 Бр. 3/128-76
6 септември 1976 година
Белград

**Фонд на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини**

Директор,
**д-р Зеки Бејтулаху, с. р.**

Претседател на Управниот одбор,
инж. **Вајо Скенџиќ, с. р.**

## 621.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставникот на потрошувачот склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА „БЕЛЕНА БУКОВА ВИСКОЗНА ЦЕЛУЛОЗА

1. Претставникот на производителот и претставникот на потрошувачот на 17 јуни 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за белена букова вискозна целулоза, со тоа што производителската организација на здружен труд да може да ја зголеми својата затечена продажна цена, при постојните услови на продажбата, така што највисоката продажна цена да изнесува 6,90 динари за еден килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производот од точка 1 на оваа спогодба ќе го продаваат, односно купуваат по цената и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 4622 од 30 август 1976 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: „Инцел" — — Бања Лука.

Претставник на купувачот-потрошувач: Хемиска индустрија „Милан Благојевиќ" — Лучани.

# УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ИСЛАМСКА РЕПУБЛИКА МАВРИТАНИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ИСЛАМСКА РЕПУБЛИКА МАВРИТАНИЈА

I

Се отповикува

Ацо Шопов од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Исламска Република Мавританија.

II

Се назначува

Јусуф Келменди, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сенегал, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Исламска Република Мавританија, со седиште во Дакар.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 17
28 јули 1976 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Реублика Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Архар Павлин Марија, Бауер Антона Цветко, Бренчич Јожета др Леополд, Демшар Славка Векослав, Худник Ивана Стане, Коларич Мирка Драга, Павлин Франца Мартин, Плавец Јожета Јоже, Робежник-Лесјак Алојза Мара, Укмар Франца Цирил;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Вох Јове Савка, Фарчник Франца Јоже, Јерин Војтеха Марјан, Колар Јожета Лудвик, Ковачич Јоже Јожеф, Лахарнар Јакоба Игнац, Лукеж-Лах Антона Нева, Ребец Јанеза Ловро, Рош Франца Франц, Штерк Франца Франц, Весел Андреја Алојзиј, Вилхар Франца Алојз, Враничар Антона Антон;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Брадач Матије Јоже, Брус Јожета Павел, Чрталич Антона Алојз, Чук Матевжа Антон-Звоне, Дерча Јожета Јоже, Добравц Матије Игнац, Дундек Јожефа Франц, Филипчич Јожета Јоже, Јеж Антона Антон, Мартинуч Јожета Јоже, Марушич Алојза Едвард-Блаж, Миловиќ-Косовел Ивана Стана, Мулец Франца Франц, Орешник-Мохорич Мартина Станислава Павлин Макса Макс, Рус Антона Антон, Самарџија-Штрумбељ Франца Вера, Серажин Јожефа Станислав, Шпорн Јанеза Здравко, Зупан Леополда Дорко, Жагер Валентина Антон;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Алич Алојза инг. Божидар, Ауер Макса Отон, Авбар Јанеза Иван, Белец Карела Теобалд, Борко Јожефа Франц, Божич Јанеза Станко, Цудер Антона Данило, Должан Ивана Радо, Голоб Јанеза Лудвик, Грацар Јанеза Матевж, Грдина Ивана Петер, Грм Јанеза Антон, Хлебец Феликса Сречко, Храстник-Алибеговиќ Антона др Ева, Илго Алојза инг. Алојз, Кержан Јернеја др Бартол, Кошир Игнаца Јанез, Козамерник Франца Франц, Крижник Отмара Отмар, Лесјак Антона Јанез, Линдич Јоже Марјан, Лојен Штефана Јоже, Маргуч Ивана Иван, Неред Лудвика Јоже, Почрвина Антона Антон, Пожар Франца Стојан, Рус Франца Франц, Сагај Франца Франц, Сфилигој Антона Елио, Силич Романа Иван, Смоде Рихарда Ернест, Стебловник Антона Владо, Шатеј Јожефа Цирил, Шепец Јанеза Леополд, Шлибар Антоније Антон, Шнебергер Јакоба Јакоб, Тул Марјо Марјо, Велкаврх Франчишке Терезија, Верлич Антона Алојз, Вречар Франца Франц, Жагар Рудолфа Јоже, Жагар Лудвика Регина, Жнидар Антона Андреј;

— за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Бан Франца Франц, Видмар Марије Марјан;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Ахачич Антона Мирко, Алексич Симона Илија, Арчон Ивана Франц, Бабник Андреја Андреј, Бакула Марјана Никола, Балант Антона Франц, Бале Франца Франц, Бекеш-Вречко Јожефа Марија, Бизјак Јакоба Марија, Блазник Августа Богомила, Блажич Мартина Мартин, Божич Рудолфа Само, Брецељник-Смерајц Ивана Минка, Цекута Јожета Јоже-Јурчек, Целарц Франца Јанез, Цобатил Гиованни Гиованни, Дерча Јожета Јоже, Доленц-Завадлал Франца Малчи, Дробнич Алојза Алојз, Ерјавец Јанеза Августин, Фелдин-Добротиншек Јурија Јожефа, Гантар-Севшек Јанеза Драгица, Гашпер Јанеза Жане, Гоббо-Печарич Рока Грацијела, Грчар Франца Август, Грегорчич Антона Јоже, Гриланц-Габровец Јакоба Силва, Халер Ивана Фердо, Јанжекович Јанеза Мартин, Јереле Франца Франц, Јерич-Кодрич Франца Ана, Јурша Франца Антон;

Кебе Јанеза Франц, Кебер Драге Драго, Коцјан Ивана Драго, Коларич Антона Миха, Коленц Франца Винко, Котник Мартина Ламберт, Котник-Кандур Ивана Марија, Ковач Анте Душан, Ковач-Доленц Игнаца Франчишка, Ковачич-Медвед Алојза Аница, Ковачич-Одлаг Франца Иванка, Ковачич Антона Павла, Крањ Јожета Франц, Лесковшек-Ранхел Антона Перегрина, Лучовник-Бродар Франца Хилда, Марушич Алојза Едвард-Блаж, Мазора Јоже Андреј, Мирник Ивана Богдан, Мозетич Михе Марјан, Мршник-Крижманчич Карла Зора, Мргуљ Франца Франчишек, Најдич Антона Метод, Новеградец Ивана Емил, Облак-Ауда Ивана Зофка, Остредич-Ште-

ца Розалија, Пољшак Ивана Јожеф, Посар Франца Игнац, Поточник-Вовк Франца Албина, Повше Антона Франц, Пожар Ивана Јанко, Прапротник Франца Иван, Пратнемер Франца Јоже, Предовник Јурија Стане, Примец Карла Миро, Прившек Албина Албин, Прогар Матије Едвард, Пуставрх Јанеза Иван;

Рајгл Антона Антон, Ракар Матије Антон, Ракар Јурија Јоже, Рамшак-Сказа Андреја Марија, Раух Матије Антон, Раутер-Бевц Франца Марија, Разборник Блажа Франц, Реберник-Цесник Викторја Марија, Регварт Јанеза Бранко, Рихар Јанеза Јанез, Ризмал Винка Франц,Ројц Матије Алојз,Ројц-Шпеглич Франца Нежа,Ројник Франца Франц, Рончел-Кодрич Антона Вера, Ровшник Франца Ангела, Розман-Крањц Цирила Марта, Розмус Идом Јан, Рожич-Ербежник Франца Марија, Рупник-Сотлар Франца Штефанија, Рутар Ивана Јожица, Рутар-Иванчич Антона Марта, Сајевиц Јанеза Франц, Самарџија-Штрумбељ Франца Вера, Семе Винценца Милан, Силан Ловре др Станко, Силович Алојза Павла, Ситар Јожета Јанез, Сказа Андреја Едвард, Скубиц Јакоба Јакоб, Склашник-Томиншек Ивана Аница, Соршак-Костревц Франца Иванка, Страх Јакоба Јанез, Суботич-Мервар Аница, Шацер-Ивањшич Франца Марта, Шелих Јожета Иван, Шемрл-Шега Франца Марија, Шемров Ивана Фрањо-Владимир, Шетина-Пукл Михаела Малчи, Шинигој Франца Борис, Шивиц Матевжа Јанез, Шкерјанц-Годнич Јожета Еда, Шкерлавај Франца Бруно, Шолар-Старовашник Франца Драготина, Шорли-Гоља Јакоба Розина, Шпес-Шупергер Валентина Марија, Штајнбахер Франца Франц, Штефанчич Ивана Иван, Штефе Матевжа Миха, Штелцар-Кирсанов Владимира Наталија, Штор-Турншек Франца Алојзија, Штравс-Овчина Алојза Јожица, Штухец-Крајнц Антона Францка;

